26069

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
Isečak iz lista
Newspaper cutting
МЛАД БОРЕЦ
СКОПЈЕ
13. II. 1989 130215

## НАШ СОБЕСЕДНИК

# НЕМАМ НАМЕРА ДА ГУБАМ



• Рубенс Корубин

Среда, 18 часот, во Изложбениот салон на Центарот за култура и информации во Скопје. Отворање на втората самостојна изложба на академскиот сликар Рубенс Корубин. Се чини, премал е просторот да ги прими сите посетители. Влегуваат сè нови и нови лица, земаат каталог и почнуваат со проследувањето на сликите. Се договараме за разговор, за следниот ден во 11 часот. „Знаеш, прв ден е од изложбата, ќе бидам овде..." — прозборува момчето во црно и „исчезнува" во вриежот од вљубеници на ликовната уметност.

Четврток, во закажаното време. Рубенс е тука. Доаѓаат посетители, му ја стегаат раката на авторот, разменуваат реченица — две, прават неколку кругови и си одат. За среќа, прашањата се готови, па разговорот може да почне, и да биде пократок. Тогаш, да почнеме...

**● Од 1977 до 1979 година, како стипендист на Француската влада, беше на студиски престој во Париз, кај проф. Јанкел. Прашањето е: Рубенс Корубин пред и по тоа?**

— И пред одењето во Париз, можам да речам, дека имав доста патувано и бев запознат со полно работи. Престојот таму ми помогна да бидам почист, попрецизен... Корените се исти и пред и по тоа. Промени нема. Додека бев во Франција — колку што учев, толку и правев споредби. Во целост земено, тоа беше надградба за мене.

**● Твоите слики имаат допирни точки со платната на старите мајстори, посебно на оние од т.н. „Холандска школа". Како го објаснуваш тоа?**

— Жив човек поминува низ многу нешта. Нормално е кај него да остане некаква трага. Не е воопшто чудно, кога станува збор посебно за сликарите што ми значеле многу. Но, не е тоа т.н. „Холандска школа", туку онаа од Медитеранот. Сите сме блиски — колку со југот, толку и со северот.

**● Како ја организираш светлоста при сликањето, односно како го набљудуваш предметот и каков е односот меѓу светлото и темното?**

— Светлоста кај мене е според сценската потреба на сликата. Извор на светлоста нема. Тој сам избива од сликата. Нема природен извор на светлоста, туку по некоја внатрешна визија се јавува таму каде што треба. За односот меѓу светлото и темното не знам што да кажам.

**● Потребата за навраќање кон детството и младоста, слободно можеме да подвлечеме, секој од нас ја чувствува. Што мислиш ти за тоа?**

— Таа потреба кај секој човек е присутна. Најглавните работи човекот ги прима во детството. Тогаш, како најголеми сили се јавуваа: и светлината, и темнината, и мирисот, и љубовта... Понатаму, во животот само понираме.

**● Сликаш фигури, еден вид на поетски реализам, фигури во склад со мртвата природа...**

— Јас работам напамет, чисто визионерски. Работејќи ја сликата — се јавува потреба за користење на фигури за обработка на некои детали.

**● Што не ти се допаѓа на сликите од татко ти? (Татко му е сликарот Миле Корубин — н. з.).**

— Не знам што би можел да одговорам, зашто тоа прашање (за допаѓањето и недопаѓањето) може и мене да ми се постави. Татко ми врз мене има огромно влијание. Со него секогаш сум имал отворен дијалог, па тој искрено ми кажува што кај мене не му се допаѓа, или допаѓа. Паралела: татко ми е еден од оние кои живееле во многу бурни времиња (како во разбуркано море), а јас сум посмирен. Не, не би сакал да кажам дека не ја сакам авантурата, туку дека имам „поакадемски" живот од него. Во денешно време позначајните правци немаат значење какво што имале некогаш. Денес, има тенденција на формирање на целина од сите правци. Според мене, во последнава деценија немаше позначајни тенденции и правци.

**● За два месеци — две самостојни изложби...**

— За двете изложби работите беа спремни пред тоа. Овие работи ги работев во последниве 5 години. Можеше тоа да биде една изложба, а две се затоа што првиот пат беа цртежи и гвашеви, а сега — слики во маслена техника.

**● Дали цртежот ти е повод за сликата?**

— Скици ретко правам за сликите. Сликата ја започнувам и накнадно ја разработувам.

**● Дали твоите изложени слики се довршени?**

— Секако, уште многу ќе сликам, уште многу ќе направам. Но, со самото тоа што се сликите изложени, јас сум направил сè она што сум можел да сторам. Самото дело е сврзано со моментот на творењето. Можеби некој од овие слики во иднина не би можел да ја направам. Моето интересирање и понатаму останува за овие слики: Но, често занаетчиски гледано, на овие слики повеќе четка не ставам.

**● Што еден сликар од Македонија добива во странство, а што губи?**

— Не изгубив таму ништо, само добив. Немам намера да губам.

**● х. петрески**